Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
Су-04.бр.93/20
10.07.2020 година
ШТИП

Претседателот на Основниот суд во Штип - Ѓорѓи Андонов, врз основа на чл.88 ст.1 и 2 од Законот за судовите и чл.2, 7, 13 и 15 од Судскиот деловник, а имајќи ги предвид Одлуката за постапување на судовите во РСМ во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 бр.02-606/1 од 17.03.2020 година на Судскиот совет на РСМ, Протоколот за превентивни мерки за сите работни места на Владата на РСМ (Сл.Весник бр.147 од 03.06.2020 година) и Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето на Владата на РСМ (Сл.Весник 107 од 22.04.2020 година), како и прогласената пандемија од заразното заболување КОВИД-19 од страна на Светската Здравствена Организација, и сите препораки и мерки за заштита од ширење на вирусот КОВИД-19, а ценејќи ја неспорната опасност од ширење на заразата предизвикана од вирусот КОВИД-19, со цел спречување на ширењето и заштита на здравјето и животите на сите, на ден 10.07.2020 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за постапување во Основниот суд Штип при услови на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД 19 со правила за однесување во судската зграда

1. Сите вработени, како и секој посетител на ОС Штип, се должни задолжително, совесно и ревносно да ги почитуваат и доследно спроведуваат сите мерки и препораки за претпазливост донесени од Владата на РСМ и надлежните органи, како и општите препораки и мерки, заради спречување на зараза предизвикана од вирусот КОВИД 19, а кои се соодветни и применливи во ОС Штип.

2. Секој е должен задолжително при влегување во судот да:
   - Изврши дезинфекција на рацете со користење на средство за дезинфекција кое се наоѓа на влезот на зградата.
   - носи соодветна заштитна покривка на носот и устата која ќе ја користи за целото време и во текот на престојот во зградата.
   - Секој посетител да се запознае со Правила за однесување во судската зграда со пропишани мерки за спречување на ширење на заразата донесени од Претседателот на ОС Штип, кои ќе му бидат предочени од судски полицаец, а Правилата ќе бидат истакнати на влезовите на судот, на видни места во судот во општите простории, на влезовите од судниците и на други места и секој ќе може да се запознае со нив.

3. Задолжително е почитување на растојание – физичка дистанца од 2 метри помеѓу лицата при влегувањето и движењето во зградата на ОС Штип, а доколку тоа не е можно, да се внимава растојанието да е оптимално можно најголемо.

4. Од страна на судски полицаец ќе биде онезвозможен влез во судската зграда на секој оној кој не ги почитува горе наведените мерки.

5. Носењето на заштитната покривка на носот и устата е задолжително во текот на целиот престој во судската зграда за секого, вклучително и за вработените при извршувањето на работните задачи на своето работно место и простории освен доколку се исполнети условите за физичка дистанца и по нивна проценка не постои опасност од ширење зараза. Носењето на заштитната покривка е задолжителна во општите простории на судот.

6. Лицата кои не се вработени во ОС Штип, а на кои ќе им биде дозволен влез во судот, не смеат непотребно да се задржуваат во истиот, односно по завршувањето на целта заради која им е дозволен влез во судот, истите треба да го напуштат истиот без одложување.

7. Во ОС Штип ќе можат да влезат само лица (кои не се вработени во ОС Штип) кои имаат оправдана или итна причина за тоа, со уредна покана или повик и потврда од овластено лице во ОС Штип или друга институција која има простории во истата зграда.

8. На лицата кои бараат да влезат во зградата на ОС Штип за да дојдат до простории на други инситуции кои имаат простории во истата зграда, а кои не се вработени во зградата, за да им биде дозволен влез од страна на судски полицаец на ОС Штип мора да бидат најавени претходно од соодветната институција или да имаат уредна покана и да бидат пречекани и превземени на влезот на ОС Штип од лице вработено во таа институција.

9. Надзор над примените на овие мерки вршат припадниците на судската полиција на ОС Штип, кои и самите се должни да ги почитуваат мерките.

10. Секој е должен да го опомене лицето кое не ги почитува мерките, а доколку се продолжи со непочитувањето, и за тоа да извести судски полицаец. По изречената опомена, судскиот полицаец е должен да го отстрани лицето кое не ги почитува мерките од судската зграда – доколку истото не е вработено во ОС Штип, односно да го извести Претседателот на судот – доколку лицето е вработено во ОС Штип. За превземените дејствија судскиот полицаец изготвува писмена изјава која ја доставува до Претседателот на судот, а во итни случаи и усно го известува.

11. Се препорачува движењето во судската зграда да биде само по оправдана потреба и заради извршување на работните задачи или потреби на постапка, како и да нема групирање на повеќе лица во простор кој е помал и во кој не постојат услови за почитување на мерките за претпазливост, како и да се избегнува било каков физички контакт кој не е нужен.

12. Задолжително е редовно и темелно миење на рацете со сапун и вода или дезинфекција на рацете со средство за дезинфекција на база на алкохол пред отпочнување со работа, пред јадење, често пати за време на работното време, особено по контакт со други лица, по одење во тоалет, по контакт со секрети, екскрети и телесни течности, по контакт со потенцијално загадени предмети (ракавици, облека, маски, користени

хартиени марамчиња, отпад), и веднаш по отстранување на ракавиците и друга заштитна опрема, а пред допирање на очите, носот или устата.

13. Се задолжуваат сите вработени да вршат редовно проветрување на своите работни простории, а судските хигиеничари и судските полицајци тоа да го вршат и во општите простории на судот (ходници, тоалети и др.).

14. Се задолжуваат судските хигиеничари да вршат редовно чистење и дезинфекција на просториите во судот, а особено на судниците веднаш по одржано судење при што во тоа, по потреба заради итност и зголемен обем на работа на хигиеничарот, ќе помагаат и записничарите со чистење и дезинфекција на работната површина користена при одржувањето на рочиштето од нивна страна, особено на компјутерската и друга опрема. Површините што често се допираат се приоритет за дезинфекција (делови што често се користат, рачки на врати и прозорци, прекинувачи за светла, кујната и површини каде се подготвува храна, површини во бањи, тоалети и славини, екрани на допир на лични уреди, тастатури на персонални компјутери и работни површини). Растворите за дезинфекција секогаш мора да се подготвуваат и користат според упатствата на производителот, вклучително и упатствата за заштита на безбедноста и здравјето на работниците кои вршат дезинфекција, со употреба на лична заштитна опрема и избегнување на мешање на различни хемиски средства за дезинфекција.

15. Секој, вработен или посетител на ОС Штип, во работното време на судот, е должен да ги извести одговорните лица во судот доколку настане промена на неговата здравствената состојба со потенцијална опасност од ширење на зараза со вирусот КОВИД-19 или постои опасност од ширење на зараза од негова страна (на пр.смета дека имал контакт со можен заболен или потврдено заболен, препознава симптоми на КОВИД 19 кај себе и сл.). Вон работно време вработените се должни да го известат Претседателот на судот или Судскиот администратор за горе наведеното со цел спречување ширење на заразата и треба да останат дома, да се самоизолираат и да контактираат со медицинско лице или со локалната линија за информации за КОВИД-19 за совети. Секој е должен сам да го следи своето здравје и редовно да ја мери телесната температура, како и совесно и навремено да известува за секоја промена или контакт со заразен или потенцијално заразен од КОВИД 19.

16. Вработените во ОС Штип да ги употребуваат тоалетите за вработени, а невработените лица оние кои се одбележани за тоа. При тоа, секој е должен да ги запази сите мерки и препораки на претпазливост за спречување на ширење на заразата, а особено да внимава и ја одржува својата и општата хигиена.

17. Се препорачува и охрабрува користење на телефонски повици, електронска пошта и дигитални платформи и средства за комуникација со цел извршување на работните задачи во ОС Штип, секогаш кога тоа е можно, со цел избегнување непотребен физички контакт и движење во други работни простории.

18. Секој судија е должен да достави до Претседателот на судот известување со распоред на судења со список на повикани лица за секоја следна недела најдоцна до последниот ден во неделата која претходи, а известувањето ќе биде проследено до судските полицајци. Припадниците

на судската полиција, согласно тоа известување, или записничарот, ќе вршат утврдување на идентитет на лицата кои треба да се јават на закажаните рочишта, па по превеземањето на горе наведените мерки, тие ќе се упатуваат на место за чекање, од каде ќе бидат превземени од записничар и спроведени во судница. Доколку има повеќе лица кои се повикани за да присуствуваат и истите се јават лично во судот, по проценка на судскиот полицаец, записничарот или судијата дека не е можно да се запазат мерките и препораките за спречување на заразата, дел од нив може да бидат упатени да чекаат надвор од судот, во судскиот двор, се до нивно повикување.

19. Секој судија да изврши проценка, доколку има заинтересирани лица за следење на рочишта како јавност, дали има доволно простор за нивен прием во судницата, а при тоа да се запазени сите мерки и препораки за претпазливост за спречување на ширење на заразата.

20. За одржување на рочишта првенствено ќе се употребуваат судските судници (3 на број), како и привремено адаптираната просторија (судска библиотека), а по исклучок и проценка на судијата за безбедна примена на мерките за претпазливост може да се користат и судиските канцеларии за одржување на судски рочишта.

21. Се препорачува и се охрабруваат странките и сите заинтересирани да комуникацијата со судот, како и доставата на списи и други писмена, ја вршат електронска пошта на адресата на ОС Штип contact@osstip.mk, кога за тоа постојат технички услови, или своите поднесоци да ги доставуваат по пошта.

22. Оваа одлука може да подлежи на промени, во зависност од состојбата, како и одлуките и мерките од надлежните органи во РСМ. Истата ќе биде во сила до крајот на пандемијата од вирусната зараза од КОВИД 19.

Претседател на Основен суд Штип,
Ѓорѓи Андонов

Согласно Одлуката за постапување во Основниот суд Штип при услови на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 со правила за однесување во судксата зграда Су-04.бр.93/20 од 10.07.2020 година, Претседателот на ОС Штип на 10.07.2020 година ги донесе следните

ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИ ВО ОС ШТИП

– мерки на претпазливост заради спречување на

ширење на зараза од вирус КОВИД-19

Секој посетител на ОС Штип е должен:

1. Да изврши дезинфикација на рацете при влез во зградата на ОС Штип.
2. Да носи заштитна покривка на устата и носот (маска и сл.) за целото време на престојот во зградата на ОС Штип, освен во неопходни случаи (здравствени потреби, потреби на постапка и сл.).
3. Да одржува дистанца од 2 метри секогаш кога тоа е можно.
4. Да не се задржува без потреба во зградата на ОС Штип.
5. Да се однесува совесно и грижливо заради заштита на здравјето и животите на сите.
6. Да ја запази својата и општата хигиена, а по потреба да ги користи само предвидените тоалети за посетители.
7. Да ги почитува сите насоки дадени од страна на овластено лице од судот.
8. Да ги извести службените лица во судот доколку настане промена на неговата здравствената состојба со потенцијална опасност од ширење на зараза со вирусот КОВИД-19 или постои опасност од ширење на зараза од негова страна (на пр.смета дека имал контакт со можен заболен или потврдено заболен, препознава симптоми на КОВИД 19 кај себе и сл.).

Доколку горе наведените правила и мерки не се почитуваат, посетителот може да биде опоменат, а потоа да не му се дозволи влез во зградата или да биде отстранет од судот од страна на овластено службено лице. Евентуалната штета од непочитувањето на правилата и мерките во тој случај ќе биде одговорност на лицето кое не ги почитува правилата и мерките.

Претседател на ОС Штип

Ѓорѓи Андонов